лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001, 075 211 406; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

## LH - Лутеинизирачки хормон

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за одредување на концентрацијата на лутеинизирачкиот хормон (LH) во крвта. Детерминацијата на концентрацијата на LH е есенцијална во одредување на овулацијата, за дијагноза на инфертилитет и при дијагноза на хипофизна и гонадна дисфункција. |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање на примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот пред земањето на крвта доведува до пораст на концентрацијата на глукоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br><br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето на крвта треба да се врши после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ) – ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Забелешка:** | Хуманиот лутеинизирачки хормон (LH, lutropin) е гликопротеин кој се секретира од гонадотропните клетки на хипофизата како резултат на секрецијата на гонадотропин рилизинг хормонот од хипоталамусот.<br><br>• *Кај жените*: стимулира формирање на жолто тело и секреција на полови хормони.<br>• *Кај мажите*: ги стимулира интерстициските клетки и секреција на полови хормони. |